**Народна банка на Република Северна Македонија**
**Дирекција за статистика**

Скопје, 20 септември 2019 година

## Соопштение за печат

## Монетарни движења во Република Северна Македонија: август 2019 година

– Во август 2019 година, **паричната маса (монетарниот агрегат М3[1,2])** оствари раст на месечна и годишна основа. Стапката на раст на месечно ниво изнесува 1,1% и главно го одразува растот кај депозитните пари[3] и краткорочните депозити, при мал пад кај готовите пари во оптек. На годишна основа, паричната маса е зголемена за 9,0%, како резултат на зголемувањето кај сите нејзини компоненти, со најголем придонес на депозитните пари и краткорочните депозити, по што следуваат готовите пари во оптек и долгорочните депозити до две години.

– **Вкупните депозити[4]**, во август, бележат месечен раст од 1,4%, главно под влијание на зголемувањето кај депозитите на корпоративниот сектор (учество од 79,3% во вкупниот раст). На годишна основа, депозитите забележаа еднаков раст како и претходниот месец од 10,0%, којшто се должи на зголемувањето на депозитите кај двата сектора, со поизразен придонес на секторот „домаќинства“.

Табела 1. Вкупни депозити и кредити[5] на недржавниот сектор

| | состојба (во милиони денари) | | | | | | | | годишна промена (во %) | | | | | | | | месечна промена (во %) | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 12.2016[1)] | 12.2017[1)] | 3.2018 | 6.2018 | 9.2018 | 12.2018[1)] | 7.2019 | 8.2019 | 12.2016[1)] | 12.2017[1)] | 3.2018 | 6.2018 | 9.2018 | 12.2018[1)] | 7.2019 | 8.2019 | 7.2019 | 8.2019 |
| **Парична маса М4** | **354,712** | **372,931** | **374,681** | **386,470** | **395,840** | **416,814** | **431,799** | **437,324** | **6.2** | **5.1** | **7.5** | **10.1** | **11.7** | **11.8** | **10.1** | **10.1** | **1.1** | **1.3** |
| **Парична маса М3** | **322,199** | **336,989** | **337,684** | **348,090** | **353,862** | **373,436** | **384,347** | **388,597** | **6.0** | **4.6** | **7.3** | **10.1** | **10.9** | **10.8** | **8.8** | **9.0** | **1.1** | **1.1** |
| *од кои:* | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Готови пари во оптек | 28,193 | 29,968 | 28,658 | 29,681 | 30,665 | 32,233 | 34,251 | 34,035 | 7.2 | 6.3 | 6.9 | 4.2 | 5.9 | 7.6 | 10.1 | 10.3 | 5.2 | -0.6 |
| **Вкупни депозити** | **321,888** | **339,314** | **340,135** | **349,816** | **358,126** | **375,046** | **389,733** | **395,327** | **5.7** | **5.4** | **7.1** | **9.9** | **11.6** | **10.5** | **10.0** | **10.0** | **0.8** | **1.4** |
| *од кои:* | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Корпоративен сектор | 87,377 | 89,248 | 85,791 | 90,295 | 93,775 | 97,703 | 100,776 | 105,212 | 13.4 | 2.1 | 4.1 | 11.6 | 16.8 | 9.5 | 9.1 | 10.1 | 1.3 | 4.4 |
| Домаќинства | 217,394 | 230,744 | 233,485 | 236,832 | 240,139 | 252,563 | 259,765 | 260,839 | 2.5 | 6.1 | 7.3 | 7.9 | 8.4 | 9.5 | 9.1 | 9.1 | 0.6 | 0.4 |
| **Вкупни кредити** | **284,782** | **300,257** | **298,059** | **306,049** | **311,558** | **322,089** | **328,105** | **327,480** | **-0.1** | **5.4** | **5.7** | **6.2** | **7.9** | **7.3** | **6.8** | **6.4** | **-0.8** | **-0.2** |
| *од кои:* | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Корпоративен сектор | 154,225 | 157,722 | 152,187 | 155,427 | 157,165 | 164,765 | 161,544 | 159,875 | -5.3 | 2.3 | 2.3 | 2.9 | 5.7 | 4.5 | 4.3 | 3.4 | -2.3 | -1.0 |
| Домаќинства | 129,321 | 141,232 | 144,491 | 149,254 | 152,990 | 155,734 | 165,165 | 166,205 | 7.0 | 9.2 | 9.4 | 9.7 | 10.1 | 10.3 | 9.4 | 9.4 | 0.7 | 0.6 |

Извор: НБРСМ.

---

[1] Почнувајќи од јуни 2018 година, Народната банка го користи монетарниот агрегат М3 како нова стандардна дефиниција за паричната маса. За аналитички цели и понатаму ќе се пресметува и ќе се објавува монетарниот агрегат М4.

[2] Монетарниот агрегат М1 го сочинуваат готовите пари во оптек и депозитните пари. Монетарниот агрегат М2 е составен од монетарниот агрегат М1 заедно со краткорочните депозити, додека монетарниот агрегат М3 (паричната маса), покрај монетарниот агрегат М2, ги вклучува и депозитите со достасаност од една до две години. Следствено, монетарниот агрегат М4 ги содржи монетарниот агрегат М3 и долгорочните депозити со достасаност над две години. За подетално објаснување, види ја Методологијата:
http://www.nbrm.mk/content/statistika/Monetarna%20statistika/metodologija/Metodologija_monetarna_07_2018_mak.pdf

[3] Депозитните пари се однесуваат на тековните сметки кај банките и штедилниците и тековните сметки на останатите финансиски институции кај Народната банка.

[4] Вкупните депозити ги сочинуваат сите депозити вклучени во монетарниот агрегат М4.

[5] Годишните стапки на кредитите во периодот јуни 2016 – мај 2017 година беа под влијание на ефектите од мерката на НБРСМ за отпис на побарувањата коишто се целосно покриени подолго од две години.

– Кај **вкупните кредити**, овој месец, е остварен месечен пад од 0,2%, којшто целосно се должи на намаленото кредитирање на корпоративниот сектор. На годишна основа продолжи растот, којшто изнесува 6,4% и главно е резултат на кредитирањето на секторот „домаќинства". Доколку се исклучи ефектот на извршените отписи на сомнителни и спорни побарувања под влијание на регулаторните промени[6], годишниот кредитен раст изнесува 7,8%.







Извор: НБРСМ.

## 1. Депозити и кредити на корпоративниот сектор[7]




Извор: НБРСМ.

– **Вкупните депозити на корпоративниот сектор** остварија месечен раст од 4,4%, главно заради зголемувањето на депозитните пари и депозитите во странска валута (краткорочни и долгорочни), во услови на пад кај краткорочните депозити во

[6] На 9 август 2018 година, Советот на Народната банка ја усвои Одлука за методологијата за управување со кредитниот ризик („Службен весник на Република Македонија" бр. 149/18), според која банките имаат обврска да ги пренесат од билансна во вонбилансна евиденција (и да продолжат со пренесување на) сите побарувања коишто се целосно резервирани подолго од една година. И покрај преносот на вонбилансна евиденција на овие побарувања, банките го задржуваат правото за нивна наплата.
[7] За потребите на ова соопштение, корпоративниот сектор ги опфаќа јавните и приватните нефинансиски друштва.

денари. Споредено на годишна основа, депозитите се зголемени за 10,1%, во најголем дел поради зголемувањето на депозитните пари, краткорочните депозити во странска валута и долгорочните депозити во денари, при евидентиран пад кај краткорочните депозити во денари.

– Во август, **кредитите на корпоративниот сектор**[8] се намалија на месечна основа за 1,0%, додека на годишно ниво, кредитирањето на корпоративниот сектор бележи пораст за 3,4%. Промените на месечна и годишна основа, во најголем дел произлегуваат од кредитирањето во денари. Со исклучување на ефектот од преносот на сомнителните и спорните побарувања од билансна во вонбилансна евиденција, согласно со одлуката на Народната банка, кредитите на корпоративниот сектор во август бележат раст од 5,6% на годишно ниво.







Извор: НБРСМ.

## 2. Депозити и кредити на домаќинствата[9]




Извор: НБРСМ.

[8] Почнувајќи од јуни 2018 година, а согласно со новата методологија, податоците за финансиските инструменти во денари со валутна клаузула се вклучени во рамки на странската валута.
[9] За потребите на ова соопштение, домаќинствата се однесуваат на физичките лица и самостојните вршители на дејност.

- Вкупните **депозити на домаќинствата**, во август, бележат месечен раст од 0,4%, што се објаснува со зголемувањето на краткорочните депозити во странска валута, депозитните пари и долгорочните депозити. Стапката на годишен раст кај овие депозити во август изнесува 9,1%, а е резултат на растот кај сите компоненти, со поизразено учество на депозитните пари и краткорочните депозити во странска валута.

- Вкупните **кредити на домаќинствата** забележаа месечен и годишен раст од 0,6% и 9,4%, соодветно. Анализирано според валутната структура, најголемо учество во месечниот раст имаат кредитите одобрени во странска валута, додека годишниот раст во поголем дел се должи на кредитите одобрени во денари. Доколку се земе предвид ефектот од преносот на сомнителните и спорните побарувања од билансна во вонбилансна евиденција, согласно со одлуката на Народната банка, годишниот кредитен раст кај домаќинствата во август би изнесувал 10,2%.







Извор: НБРСМ.




Извор: НБРСМ.

**Народна банка на Република Северна Македонија**
**Дирекција за статистика**

Табела 2. Кредити на банките и штедилниците дадени на физичките лица, по намена

| | состојба (во милиони денари) | | | | | | | | годишна промена (во %) | | | | | | | | месечна промена (во %) | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 12.2016[1)] | 12.2017[1)] | 3.2018 | 6.2018 | 9.2018 | 12.2018[1)] | 7.2019 | 8.2019 | 12.2016[1)] | 12.2017[1)] | 3.2018 | 6.2018 | 9.2018 | 12.2018[1)] | 7.2019 | 8.2019 | 7.2019 | 8.2019 |
| Потрошувачки кредити | 65,438 | 72,595 | 74,218 | 77,100 | 78,964 | 80,632 | 87,528 | 88,170 | 13.4 | 10.9 | 10.7 | 11.1 | 11.1 | 11.1 | 12.1 | 12.4 | 1.4 | 0.7 |
| Станбени кредити | 34,608 | 39,535 | 40,899 | 42,309 | 43,896 | 45,539 | 48,525 | 48,810 | 14.3 | 14.2 | 15.4 | 14.9 | 16.2 | 15.2 | 13.0 | 12.4 | 1.5 | 0.6 |
| Автомобилски кредити | 323 | 316 | 318 | 307 | 301 | 312 | 324 | 320 | -19.1 | -2.2 | 2.9 | 0.2 | -2.2 | -1.3 | 6.0 | 5.8 | 1.4 | -1.1 |
| Кредитни картички | 12,380 | 12,281 | 12,157 | 12,192 | 12,235 | 12,246 | 12,015 | 12,012 | 0.3 | -0.8 | -1.1 | -0.8 | -0.9 | -0.3 | -1.5 | -2.0 | 0.1 | 0.0 |
| Негативни салда по тековни сметки | 5,795 | 5,896 | 6,300 | 6,672 | 6,881 | 6,232 | 6,815 | 6,900 | 3.6 | 1.8 | 0.4 | 4.8 | 5.7 | 5.7 | 1.7 | 2.4 | -0.5 | 1.2 |
| Други кредити | 4,584 | 4,564 | 4,534 | 4,593 | 4,566 | 4,607 | 4,177 | 4,154 | 7.3 | -0.4 | -0.5 | -0.8 | -0.2 | 0.9 | -8.9 | -8.6 | -1.0 | -0.6 |

Извор: НБРСМ.

– Анализирано според намената на одобрените кредити на физичките лица, во август кај најзастапените категории – **потрошувачките и станбените кредити** е забележан месечен раст од 0,7% и 0,6%, соодветно, додека годишниот раст е еднаков кај двете категории и изнесува 12,4%. Овој месец, **автомобилските кредити** бележат месечен пад од 1,1%, додека на годишно ниво се зголемени за 5,8%. Кредитите одобрени на **кредитни картички** се непроменети во споредба со претходниот месец, додека на годишно ниво се намалени за 2,0%. Кај **негативните салда на тековните сметки** е евидентирано месечно и годишно зголемување од 1,2% и 2,4%, соодветно, додека кредитите одобрени врз **други основи** остварија месечен и годишен пад од 0,6% и 8,6%, соодветно.

***

**Придружни информации**

Временски серии податоци: Биланси и прегледи на депозитните институции, месечни податоци http://www.nbrm.mk/ns-newsarticle-bilansi-i-pregledi-na-depozitnite-institucii---mesecni-podatoci.nspx

Методолошки објаснувања:
http://www.nbrm.mk/content/statistika/Monetarna%20statistika/metodologija/Metodologija_monetarna_07_2018_mak.pdf

Информација за методолошките измени во монетарната статистика, статистиката на останатите финансиски институции и статистиката на каматните стапки:
http://www.nbrm.mk/content/statistika/informacii/Informacija_za_promeni_vo_monetarnata_statistika_mk.pdf

Следни објавувања: Календар на објавување податоци
http://nbrm.mk/content/statistika/kalendar/Kalendar_na_objavuvanje_podatoci.pdf

**Народна банка на Република Северна Македонија**
**Дирекција за статистика**

Монетарни движења во Република Северна Македонија: 21 октомври 2019 година (референтен пресек заклучно со септември 2019).

За новинарски прашања, ве молиме контактирајте со лицата од Кабинетот на гувернерот.

За подетални информации во врска со објавените статистички податоци, побарајте нè на: contact.statistika@nbrm.mk или на телефонскиот број 02 3215 181 локал 116 (или 110/108).